**ИНСТИТУТОТ ЗА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И**
**ОВЛАСТЕНИ СМЕКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# П Р О Г Р А М А

**за РАБОТА СО ИНСТИТУТОТ ЗА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА Северна МАКЕДОНИЈА**

Од **Александар Тодороски**-овластен сметководител-какдидат за управен одбор на ИНСИТУТОТ **ЗА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Основната определба на ИНСТИТУТОТ ЗА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА Северна МАКЕДОНИЈА (во понатамошниот текст Институтот) треба да биде создавање на услови и изготвување на правилници за работа на иститутот, согласна Законот за вршење на сметководствени работи, донесен на 27-ми јули 2022 година.

Правилникот за работа на институтот, начини и определби и појаснувања за работа во врска со начинот на прием на членови, посебно за начинот на прием, членувањето, контролата на квалитетеот на работа со членството, нивно евидентирање, обуки, дисциплински мерки, за кој треба управните органи задено со сите членови да изготват правилници:
Правилник за работа на Управниот одбор; Надзорниот одбор, детално објаснување за работата на Управниот одбор, како и работата на надзорниот одбор. Потоа за промовирање на Институтот треба посебно да се обрне внимание на работењето и промовирање и начиот на Институт со Здруженијата на сметководители од другите околни држави, како и си европските институции за сметоводствени работи. Основно е дека траба што поскоро да станеме членака на ИФАК со што ќе го зајакнеме успешното работење на нашиот институт и го издигнеме на повисоко ниво со Законодавството на Европските Закони на Сметоводствено финансикото Законодавство.
Потребно е најмалку еднаш годишно, согласно нашите финансики можности да во нашата земја се организираат симпозиуму, какде ќе бидат викани еминентни стручни кадри од другите земји во соседството, како и од европските земји и пошироко, а неопходно е редовен контакт со нашите универзитетски професори. Сметам дека најважен елемент дека преку овие семинари и симпзиуми ќе се збогатува нашето искуство како со литература и збогатување на контактите со познатите светски економисти во областа на финансиите, со што ќе се збогатува и нашето искуство во членството во институтот, со што по ефикасно ќе помогнеме како фела на финансиското-сметководствено работење и подобрување на работата во целост за финансиските извештаи во нашата држава. За ова исто така ќе изготвиме и правилник за работа на работа на институтот во врска со ИФАК и промовирање на ИСОС.

Во правилниците посебно ќе се обрне внимание на работата на ИНСТИТУТОТ, како редовно ажурирање на податоците, бројот на вработени во самиот институт, начинот на кој што ќе работиме со хонораниот аспект на работа на експертите за оваа област и начинот нивните финансиски

надоместоци, кој може а кој неможе да биде учесник во работата на стручно усовршување на институтот.
Посебно ќе обрнеме внимание на транспарентноста и ефикасноста во начинот и роковите поставени за изготвување на одредени правилници и толкување на Законските одредби од Законот за сметководствени работи, како и толкување на Законите кој што ја пратат оваа материја.
Ќе овозможиме во секое време целосна информираност на членството, отчетност и транспарентност, како и одговорност на ограните на ИНСТИТУТОТ.

Посебно ќе се работи на правилникот за активност на членството, објаснување посебно за одговорноста на овласетените сметководители, сметководителите, како и начинот со стекнување со лиценци од страна на правните лица и заштита на членството од нелојална конкуренција.

Како член на управниот одбор ќе се залагам за успешно работење со институтот, кординирајќи се со претседателот на ИНСТИТУТОТ, како и со сите членово во одборот.
Редовна комуникација со членството и со назорниот одбор, како и Совет за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија.

Почитувајќи ги зацртаните одредби од Законот за смеководствени работи и работата на управниот одбор ќе бидат прецизно изготвени и сите правилници за работа околу начинот на прием и дисциплинирање на членството.

Правилникот на избор и работа на комисиите за полагање на членовите на институтот, како и се што е потребно за неопходно работење и промовирање на ИНСТУТОТ како институција за успешно работење на сметководствената професија, кој ќе бидат неопходни за основно работење на истиот, ќе се залагам да бидат изготвени за најмалку шест месеца.

Уште во самиот старт ќе се залагам и по секоја цена програмата која предвидува упешно работење на ИНСТИТУТОТ, кординирајќи се со органите на ИНСТИТУТОТ, како и со Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на Република Северна Македонија, да биде воспоставена и транспарентна за успешно работење на сметководствената фела.

Место и датум

Гостивар, 23,03,2023 година

Подготвил,

Александар Тодороски